Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 19.9.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект ХОТЕЛ ПОРТАЛ со седиште на ул. Скупи бр.27 Скопје, ги исполнува условите за Хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страницата на Владата на Република Македонија.

**Образложение**

ДПБЛ ХЕСТ ДООЕЛ со седиште на ул. 1632 бр.36 - Скопје, поднесе барање УП 1 13-399 од 26.7.2017 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ ПОРТАЛ Скопје, со седиште на ул. Скупи бр.27- Скопје, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај УП 1 13-399 од 4.8.2017 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува Решение за утврдување на категорија на угостителски објект.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Бр. 44-5062/1**
**19 септември 2017 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска - Јанковска**

**Прилог**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА**
**УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

**ИЗВЕШТАЈ**
**за извршена категоризација на угостителскиот објект за сместување, со предлог за определена категорија на угостителскиот објект за сместување**
**Бр. УП1 13-399 од 04 / 08 / 2017 година**

Комисијата за категоризација на угостителски објекти за сместување, постапувајќи по барање бр. УП1 13-399 од 26.07.2017 година, поднесено од Хест Дооел, со адреса ул. 1632 бр. 36 во Скопје за утврдување и исполнување услови за категоризација во угостителски објект Хотел Портал (вид на угостителски објект) со предлог категорија од угостителот од четири ѕвезди

изврши увид на предметниот објект при што го утврди следното:

Согласно Правилникот за категоризација при извршениот увид Комисијата констатира дека угостителскиот објект Хотел Портал ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три ѕвезди.

Во врска со утврдената фактичка состојба присутното лице ги имаше следните забелешки:

| | | |
|---|---|---|
| Од наведеното се констатира дека објектот условите за бараната категорија | ☐ ГИ ИСПОЛНУВА | ☒ НЕ ГИ ИСПОЛНУВА |
| Записникот е прочитан на присутните Странки и забелешки: | ☐ ИМА | ☒ НЕМА |